SYMPOSION

А Г Е Н Д А
за интерактивна обука на тема:

ПОЧИТУВАЊЕТО НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА – ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШНО КАНЦЕЛАРИСКО И АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ
(26 октомври во ресторан „БЕЛА ВОДА“ – Велешко Езеро)

09.45–10.00 Пристигнување и регистрација на учесниците.

10.00–11.00 Колку ја почитуваме/не ја почитуваме правната регулатива; објективни и субјективни причини; последиците од недоследностите во примената на законските и подзаконските акти.

11.00–11.30 Кафе-пауза

11.30–12.30 Правната регулатива низ призмата на канцелариското работење: прием, прегледување и распоредување документи/предмети по разни основи; овластување за водење основната евиденција и за употребата на печатите и штембилите; можни печати и штембили. Посебно внимание ќе се посвети на начинот на запишување и заведување на документите во деловодникот; пренос на основен број; почеток на водење и заклучување на деловодникот; поврзување на документите/предметите; запишување податоци во деловодник и попис на документи – со практични коментари; можни решенија при евентуални грешки; деловодник во хартиена или електронска форма; разлика меѓу деловодник и описник; помошни книги за евиденција; доставување на документите за работа и нивно испраќање до правни и физички лица; разведување на решените документи/предмети; нивно одлагање во писарница.

12.30–13.30 Ручек.

13.30–15.00 Правната регулатива низ призмата на архивското работење: детален коментар за изработката и доставувањето на планот и листите на архивски знаци како предуслов за успешно канцелариско и архивско работење со кое започнува канцелариското, а завршува архивското работење; средување на архивскиот и документарниот материјал; одбирање на архивскиот од докумантарниот материјал; архивскси примерок; евидентирање (опис и попис) на архивски материјал – со практичен кометар; категоризација на архивски материјал; издвојување на документарен материјал со изминат рок на чување за уништување со практичен коментар; чување и заштита на архивски и документарен материјал; предавање архивски материјал.

НАПОМЕНА: Можни се измени во агендата согласно потребите на учесниците и развиените дискусии за време на обуката.

SYMPOSION

Предавач

Ацо Ангеловски, д-р на историски науки – доцент по научните дисциплини архивистика и документација. На Филозофскиот факултет (Институт за историја со архивистика) ги предавал предметите архивско законодавство и канцелариско работење, а на Педагошкиот факултет (група Библиотекарство) го предавал предметот Архивистика. Работел во Државниот архив на Република Македонија, со долгогодишно практично искуство во архивската дејност. Зад себе има многу одржани семинари и обуки поврзани со канцелариското и архивското работење. Учествувал во работни групи за изработка на законски и подзаконски акти за канцелариско и архивско работење. Автор е на книгата „Канцелариско и архивско работење“ во издание на Симпозион.